КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**Macedonia Canoe Federation**

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРИ ВО КАЈАК - КАНУ СЛАЛОМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје , Ноември  2009 година

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРИ ВО КАЈАК - КАНУ СЛАЛОМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I./ ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Кајакарската Федерација на Македонија (во понатамошниот текст : КФМ) , секоја година , организира натпревари во кајак - кану слалом на диви води кои претставуваат смотра на врвните достигнувања на кајакарите и кануистите од Република Македонија и од други земји и имаат за цел да ги одредат најдобрите поединци и екипи во поглед на квалитетот и спортските резултати.

Како натпревар во смисол на став 1 се смета :

- Државно првенство на Македонија во одредена категорија
- Куп на Македонија во одредени категории
- Изборни натпревари за Државните репрезентации

Овој Правилник има за цел да се осигура дека натпреварувачите се управувани под натпреварувачките Правила на КФМ ИЦФ.

Член 2

Право на настап на натпреварите во кајак - кану слалом на диви води во Република Македонија имаат сите натпреварувачи кои се уредно регистрирани во своите клубови и во КФМ.

Член 3

Натпреварите во Република Македонија се распишуваат посебно за секоја категорија натпреварувачи и тоа за :
ПИОНЕРИ-КИ , КАДЕТИ-КИ ,МЛАДИНЦИ-КИ,СЕНИОРИ-КИ во сите дисциплини кои се предвидени со важечкиот Правилник на ИЦФ и со овој Правилник.

Член 4

Натпреврите во кајак-кану слалом на диви води во Република Македонија се организираат во следните категории: ПИОНЕРИ-КИ , МЛАДИНЦИ-КИ (ЈУНИОРИ-КИ) КАДЕТИ-КИ и
СЕНИОРИ-КИ во машка и женска конкуренција.
Како Пионери-ки можат да настапуваат натпреварувачите кои во
годината на настапот навршиле 14 години или помалку од 14 години.

Како Кадети-ки можат да настапуваат натпреварувачите кои во годината на настапот навршиле 14 до 16 години.
Како Младинци-ки(Јуниори-ки) можат да настапуваат натпреварувачите кои во годината на настапот навршиле 18 години и помалку години.

Како Сениори-ки можат да настапуваат натпреварувачите кои во годината на настапот навршиле 18 години и или се постари од 18 години.

Член 5

Натпреварувач може да настапи само во категоријата во која е регистриран за тековната година.

По исклучок , натпреварувач може да настапи и во повисока категорија но , само за еден степен.

Натпреварувач кои ќе настапи во повисока категорија има право повторно да настапува во својата категорија , во која е регистриран.

Член 6

Секој клуб со почеток од 1 Ноември , а најдоцна до 31 Декември секоја година , до органите на КФМ врши пријава(регистрација) на сите натпреварувачи на клубот кои ќе настапуваат за истиот во текот на наредната натпреварувачка година.

Секој клуб има право да поднесе пријава(регистрација) до органите на КФМ за натпреварувач коишто за прв пат се пријавува во оваа Федерација најдоцна 7 дена пред натпревар.

Член 7

Натпреварите во кајак - кану слалом на диви води во Република Македонија се организираат според следните категории и дисциплини

| Категорија | Дисциплина |
|---|---|
| СЕНИОРИ | К-1<br>Ц-1<br>Ц-2 |
| СЕНИОРКИ | К-1<br>Ц1 |
| МЛАДИНЦИ<br>(ЈУНИОРИ) | К-1<br>Ц-1<br>Ц-2 |
| МЛАДИНКИ<br>(ЈУНИОРКИ) | К-1<br>Ц1 |
| КАДЕТИ | К-1<br>Ц-1<br>Ц-2 |
| КАДЕТКИ | К-1<br>Ц1 |
| ПИОНЕРИ | К-1<br>Ц-1<br>Ц-2 |
| ПИОНЕРКИ | К-1<br>Ц1 |

Во сите категории се одржуваат и натпревари во дисциплината 3џ тимски возења.

Член 8

Натпревар ќе се одржи и резултатите ќе бидат признати доколку се пријават најмалку 2 (два) клуба-екипи , а трката ќе се одржи доколку се пријават најмалку 3 (три) натпреварувачи од два различни клуба-екипи , во сите поединечни категории.

Екипите во екипните (тимски натпревари) може да бидат составени само од натпреварувачи кои учествувале во поединечните категории.

За да биде валиден натпреварот не е потребно сите натпреварувачи или екипи да пристигнат до целта.

само бодовите од најдобрите три екипи на тој клуб исто како во поединечните дисциплини.

Пример . Дисциплина 3хЦ-1

| Пласман | Име и Презиме | Клуб | Вкупно време | Бодови |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Илинден | Илинден | 170 | 22 |
| 2 | Ластовица | Ластовица | 171 | 20 |
| 3 | Вардар | Вардар | 172 | 18 |
| 4 | Илинден | Илинден | 173 | 16 |
| 5 | Илинден | Илинден | 174 | 14 |
| 6 | Ластовица | Ластовица | 175 | 12 |
| 7 | Вардар | Вардар | 176 | 10 |
| 8 | Вардар | Вардар | 177 | 8 |
| 9 | Ластовица | Ластовица | 178 | 6 |
| 10 | Илинден | Илинден | 179 | 4 |
| 11 | Вардар | Вардар | 180 | 2 |

Вкупно бодови од дисциплината К-1 мажи

1. Илинден 52 бода
2. Ластовица 38 бода
3. Вардар 36 бода

Бодувањето е исто за останатите дисциплини.

в.) За добивање на крајниот Пласманот по клубови се собираат бодовите од сите клубови постигнати во пооделните дисциплини и бодовите од тимските дисциплини.

Пример . ЕКИПЕН ПЛАСМАН

1. Илинден 17 + 52 = 69 бода
2. Ластовица 19 + 38 = 57 бода
3. Вардар 18 + 36 = 54 бода
4. Просек 11+0 = 11 бода

За екипен победник на Државниот натпревар се прогласува клубот коишто има освоено најмногу бодови на натпреварот.

**II./ ЧАМЦИ**

Член 9

| **Вид на чамец** | **К-1** | **Ц-1** | **Ц-2** |
|---|---|---|---|
| Минимум должина | 3.50 м. | 3.50 м. | 4.00 м. |
| Минимум широчина | 0.60 м. | 0.70 м. | 0.80 м. |
| Минимален радиус хоризонтално на двата краја | 2 см. | 2 см. | 2 см. |
| Минимален радиус вертикално на двата краја | 1 см. | 1 см. | 1 см. |
| Минимална тежина на чамецот | 9 кг. | 10 кг. | 15 кг. |

Забелешка : Шприцдерката се смета за помошно средство и не е дел од чамецот.

## III./ ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРИТЕ

Член 10

Организатор на кајак-кану слалом натпреварите во Република Македонија , натпреварите наведени во член 1 од овој правилник е КФМ.

Член 11

Техничката организација на натпреварите на КФМ може да ја довери на поедини клубови или сам да формира одбор за организација на секој натпревар , поодделно.

Техничкиот организатор наплаќа стартнина од 100,00 денари за секој пријавен натпреварувач.

Член 12

### РАСПИС НА НАТПРЕВАР

Натпревар се распишува во согласност со Календарот на КФМ, најмалку 1 (еден) месец пред пред неговото одржување.

На предлог на техничкиот организатор на натпреварот, КФМ го распишува натпреварот и го одредува раководството на натпреварот.

Член 13

Расписот за секој натпревар во организација на КФМ или неговите членки-клубовите мора да содржи :

- Вид на натпревар
- Време и место на одржување на натпреварот
- Патека со податоци и план на патеката
- Програма на натпреварот со категории и дисциплини
- Краен рок за прием на пријавите
- Адреса на која се доставуваат пријавите и телефон/факс или електронска пошта(е-маил) за контакт
- Награди
- Други, посебни упатства (доколку се нужни)

Член 14

### ПРИЈАВА

Пријавата за учество на натпревар во организација на КФМ или негови членки-клубовите се доставува на организаторот на натпреварот до рокот наведен во расписот за натпреварот односно најдоцна пет дена пред денот на натпреварот.

Пријавата мора да содржи :

- Име на клубот кој се пријавува за натпреварот
- Категориите , дисциплините за кои се пријавуваат натпреварувачите на клубот кој се пријавува за натпреварот
- Име и презиме , место и датум на раѓање на секој натпреварувач
- Име и презиме на водачот на екипата и на тренерот на екипата (Водачот на екипата да има најмалку звање судија)

Член 15

На натпревар во организација на КФМ или неговите членки-клубовите можат да настапат само натпреварувачи кои се пријавени за натпреварот и ја

исполнуваат обврската од член 6 односно се регуларно пријавени(регистрирани) во КФМ.

Член 16

На натпревар во организација на КФМ или неговите членки-клубовите можат да бидат пријавени неограничен број на натпреварувачи кои ги задоволуваат условите за настап во одредена категорија.

Член 17

РАКОВОДСТВО НА НАТПРЕВАРИТЕ

А./ ЖИРИ

Жири-то е врховен орган на натпреварите во кајак-кану слалом на диви води во Македонија.

Жири-то е составено од :

- Претседател и 2 до 4(два до четири )членови- делегати од клубовите учесници на натпреварот

Член 18

УТВРДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА НАТПРЕВАРОТ

Најдоцна 24 часа пред почетокот на натпреварот мора да се објави дефинитивната Програма за текот на Натпреварот.

Член 19

ИЗМЕНИ И ПОВЛЕКУВАЊА НА ПРИЈАВИТЕ

Најавата за измена или повлекување мора да биде објавена за време на состанокот на водачите на екипите , или написмено доставена до Главниот судија најмалку еден час пред почетокот на натпреварот.

Повлекувањето на пријавата е конечна и повторно пријавување на ист натпреварувач или екипа не е можно.Секоја промена на пријавата треба да биде доставена до стартерот на писмено од страна на Главниот судија на натпреварот.

Член 20

ИЗМЕНИ ВО РЕДОСЛЕДОТ НА НАТПРЕВАРОТ

Редоследот за натпрварот е даден во Програмата за натпреварот и е задолжителен за Организаторот. Измени во редоследот на трките можат да се вршат само во согласност со водачите на екипите.

Член 21

ОЗНАКИ

Линијата на стартот и линијата на целта се обележуваат со ознаките старт и цел.

Член 22

ПАТЕКА

Патеката мора да биде пловна по целата должина и да обезбеди исти услови за десни и леви Ц-1 веслачи.

Идеалната патека треба да содржи еднакви свртувања на лево и на десно.

Патеката се поставува во зависност од видот на натпреварот. Под вид на натпревар се подразбира натпревар за категоријата СЕНИОРИ-КИ , МЛАДИНЦИ-КИ (ЈУНИОРИ-КИ), КАДЕТИ-КИ или ПИОНЕРИ-КИ.

НАТПРЕВАРИ ЗА СЕНИОРИ

Патеката за Сениорските натпревари треба да биде во должина од 250 - 400 метри. На истата треба да се поставaт минимум 18 а максимум 25 капии, од кои најмалку 6 треба да се противтечни.

Минималното време препорачливо за К-1 мажи на една патека не треба да е помалку од 80 секунди , а максималното време да не биде повеќе од 100 секунди.

Растојанието помеѓу последната врата и целната линиија не треба да биде помалку од 15 метри и не повеќе од 25 метри.

Патеката на еден час пред натпреварот треба да биде демонстрирана од натпреварувач способен за премин низ сите врати. Истата по завршувањето на демо возењето треба да биде прифатена од страна на водачите на екипите.

Член 23

Натпреварувачите на сите натпревари настапуваат на сопствен ризик.

Член 24

СТАРТНИ БРОЕВИ

Стартните броеви треба да бидат прицврстени очигледно на телото на натпреврувачот. Во дисциплината Ц-2 стартниот број го носи предниот натпреврувач.

Член 25

УПАТСТВО ЗА НАТПРЕВРУВАЧИТЕ

Натпреврувачите мора да добијат упатство со следните податоци еден час пред почетокот на натпреварот и тоа :

- Програмата на трките
- Време на стартот за двете возења
- Натпреврувачкиот број на натпреврувачот
- Стартна листа

Овие упатства ги добива и ги пренесува на напреврувачие Водачот на екипата.

**СЕКТОРСКИТЕ СУДИИ се одговорни за делот од патеката за кој се назначени.Тие се подпомогнати од судиите на врати.Нивна одговорност е да осигураат точно казнување и судење на вратите во нивниот сектор.По консултациите со судиите на врати , тие мора да одлучат дали казната ќе биде доделена или не.**

**Секторските судии го надгледуваат разгледуваат развојот на трката со цел да обезбедат фер натпревар за сите натпреварувачи.**

**СУДИИТЕ НА ВРАТИ ги гледаат вратите за кои се назначени. Во случај вратите да се групирани и наместени на една сајла најмалку двајца судии се назначуваат на истата.**

**Ниеден судија не може да довукува или на кои било друг начин да дава технички совети на натпреварувач кои е на патеката.**

**Забрането им е на судиите на врати да го привлекуваат вниманието на натпреварувачот , во било каков случј , за било каква сторена грешка.**

**СТАРТЕРОТ (Судијата на старт) го утврдува редоследот на натпреварувачите и дава дозвола за старт.**

Тој-таа може да забрани старт на натпреварувач , ако натпреварувачот не ги почитува безбедносните правила , не се појави на стартот во моменто кога е повикан,ако не е соодветно облечен или нема стартен број,не ги следи наредбите од стартерот.

СУДИЈА НА ЦЕЛ одредува кога натпреварувачот ја завршил трката и координира со стартерот.

МЕРАЧОТ НА ВРЕМЕТО е одговорен за одредување на точноста на времето, и за пренесување на истото до службата за калкулирање и Автоматска обработка на податоци(АОП).

ШЕФОТ НА КАЛКУЛАНТИТЕ е одговорен за пресметка на резулатите од натпреварот и нивно објавување-издавање.

ИЗГОТВУВАЧОТ НА ПАТЕКАТА е одговорен за изгледот на патеката и се осигурува дека таа го одржува почетниот(оргиналниот) изглед за цело време.

Истиот треба да е подготвен секогаш да изврши поправки и приспособување на патеката ако за тоа е потребно , во согласност со Главниот судија.

ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО заедно со спасувачката екипа,во зависност од околностие ги спасува натпреварувачите кои се преврtеле и треба д аим даде прва помош доколку за тоа е потребно.

ПОТПАРОЛ ЗА ПЕЧАТ дава на претставниците на медиумите (печатени или електорнски) потребни податоци кои се однесуваат за натпреварот.Во функција на тоа ,има право а побара од одделни службени лица и да добива податоци во врска со текот на натпреварот , како и одреден број Стартни листи,Програми за натпреварот и Конечни резулатати(завршниот билтен од натпреварот).

Потпаротлот за печат не мора да има звање од било која судиска категорија во кајак - кану слалом.

Член 26

**ПРОТЕСТИ**

Протестот кои се донесува против одлуката на судијата на капија се поднесува до Главниот судија и тоа најдоцна 20 минути по завршувањето на возењето.

Протестите се поднесуваат во писмена форма и се приложува таксата во износ кој е одреден со расписот на натпреварот. Доколку протестот биде уважен, таксата се враќа.

Главниот судија на натпреварот ја оценува легитимноста на протестот. Тој-таа ги сослушува сведочењата на судиите и се информира за сите други работи кои се спорни.Главниот судија ја пренесува својата Одлука написмено до водачот на екипата кој го поднел Протестот.

Одлуката на Главниот судија се внесува во записникот од натпреварот , односно во една од наредните листи на резултати.

Член 27

**ЖАЛБИ**

Жалба на Одлуката на Главниот судија се поднесува до Претседателот на Жири-то во рок од 20 минути по соопштувањето на Одлуката на главниот судија.

Жалбата се поднесува во писмена форма.

Одлуката на Жири-то е конечна и мора да се донесе пред завршувањето на натпреварот.

Жалба до Натпреварувачкиот одбор против Одлуката за право на натпреварувачот да учествува на натпреварот може да биде поднесена се до почетокот на натпреварот.

Натпреврувачкиот одбор ја разгледува жалбата и донесува Одлуки согласно овој Правилникот и Правилникот на ИЦФ.

Член 28

**НАГРАДИ**

На натпреварите во кајак-кану слалом на диви води во организација на КФМ или неговите членки клубовите наградите се, по правило, пехари , медали и дипломи.

- Пехар се доделува на екипата за постигнат екипен пласман , односно за освоно Прво,Второ или Трето место во секоја категорија пооделно (Сениори,Јуниори и Пионери) и во сите дисциплини.

Пехар се доделува и на севкупните победници во поединечна конкуренција од одржаните Куп натпревари на Македонија.

- Медалја или Диплома добива секој натпревувач коишто на крајот на натпрвот завршил на едно од првите три места(прво,второ или трето место)во сите категории (Сениори,Јуниори и Пионери) и во сите дисциплини.

- Диплома за учество можат да добијат сите натпреварувачи коишто настапиле на еден натпревар доколку тоа го пропише Организаторот на натпреварот во Расписот на натпреварот.

Ако за време на натпреварот главниот судија увиди дека дошло до промена на патеката(намалување на количината на вода или померување на некои капии) иститот има право да го прекине напреварот до моментот додека повторно патеката не биде вратена на почетното ниво.

НАТПРЕВАРИ ЗА ПИОНЕРИ

Патеката за Пионерските натпревари треба да биде во должина од 100 - 250 метри. На истата треба да се постават минимум 14 а максимум 16 капии, од кои најмалку 4 треба да се противтечни.

Минималното време препорачливо за К-1 мажи на една патека не треба да е помалку од 70 секунди , а максималното време да не биде повеќе од 90 секунди.

Растојанието помеѓу последната врата и целната линиија не треба да биде помалку од 10 метри и не повеќе од 15 метри.

Патеката на еден час пред натпреварот треба да биде демонстрирана од натпреварувач способен за премин низ сите врати. Истата по завршувањето на демо возењето треба да биде прифатена од страна на водачите на екипите.

Доколку некои делови (капии) од патеката не бидат прифатени поставувачот на патеката е должен да даде други прифатливи решенија за патеката.

Ако за време на натпреварот главниот судија увиди дека дошло до промена на патеката(намалување на количината на вода или померување на некои капии) иститот има право да го прекине напреварот до моментот додека повторно патеката не биде вратена на почетното ниво.

Член 29

## ДИСКВАЛИФИКАЦИИ

Секој натпреварувач кои ќе се обиде да победи на трката служејки се со недостојни постапкиили кој ќе ги прекрши равилата односно кој нема да го почитува спортскиот дух во текот на натпреварот , ќе биде дисквалификуван.

За сите останати појави на неспортско однесување на натпреварувачот, а со во согласност на Правилникот на ИЦФ. Главниот судија во соглсност со жирито има право да донесе Одлука за дисквалификација на натпреварувачот.

Член 30

## СРЕДСТВА ЗА ДВИЖЕЊЕ

Кајакците можат да се движат со помош на весла со две лопатки.

Кануите можат да се движат само со помош на весла со една лопатка.

Кога натпреварувачот ќе ја скрши или изгуби веслата , тој-таа може да ја употреби само екстра веслата која ја носи во/ на својот чамец.

За екипни трки екстра весло може да биде позајмено од друг член на екипата.

Член 31

## А./ НАТПРЕВАР , МЕРЕЊЕ НА ВРЕМЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИ

Времето се трката се мери од кога телото ја поминува стартната линија до времето кога целната линија е пресечена од натпеварувачкото тело.

Во екипните трки времето се мери од поминувањето на прввиот натпреварувач на стартот се до пристигнувањето на последниот чамец на целната линија.Времето на пристигнување помеѓу прввиот и последниот чамец на целната линија не смее да биде поголемо од 15 секуди , во спротивно таа екипа во согласност Правилата за натпревари во слалом на ИЦФ ќе биде дисквалификувана.

За пресметување на резулатите се применува следната формула :

Времето постигнато од двете трки во секунди + Казнетите поени = Краен резултат

Тимските возења се поделени според категоријата :

За СЕНИОРИ-КИ треба да се одржи минимум едно возење , а максимум две возења. Крајниот резултат се пресметува како и кај поединечните трки.

За ЈУНИОРИ-КИ треба да се одржи минимум едно возење , а максимум две возења. Крајниот резултат се пресметува како и кај поединечните трки.

За КАДЕТИ-КИ треба да се одржи минимум едно возење , а максимум две возења. Крајниот резултат се пресметува како и кај поединечните трки.

За ПИОНЕРИ-КИ треба се одржува максимум едно возење. Крајниот резултат се добива по завршувањето на таа трка.

Тимските трки се одржуваат на истата патека на којашто се одржуваат и поединечните натпревари.

Претседателот на жири-то го одредува КФМ , а членовите ги одредуваат клубовите - учесници на натпреварот.

Жири-то донесува конечни одлуки по жалби од клубовите учесници на натпреварот кои се однесуваат на одлуките на Главниот судија. Жалба на одлуката на Главниот судија се поднесува на Претседателот на Жири-то во рок од 20 минути по добивањето на Одлуката од Главниот судија. Жири-то одлучува итно по жалбата.

Жалбите се поднесуваат во писмена форма.Одлуките на жири-то се конечни.

Претседателот на Жири-то и членовите мора да имаат најмалку звање државен судија.

## Б./ НАТПРЕВАРУВАЧКИ ОДБОР

Раководењето со натпреварот го спроведува Натпреврувачки одбор кој е составен од :

- Главен судија
- Организатор на натпреварот
- Главен судија на старт и цел

Натпреварувачки одбор :

a.) Го организира натпреварот и го контролира неговото спроведување.

b.) Во случај на лошо време или други непредвидени околности кои го попречуваат или оневозможуваат спроведувањето на натпреварот може да одлучи и да донесе одлука за одложување на натпреварот и да одреди друго време или место (патека) за одржување на натпреварот.

в.) Ги прима сите протести (приговори) во врска со одредени ситуации во текот на натпреварот и ги решава сите настанати спорови.

г.) Одлучува за дисквалификација кога се повредени Правилата на натпреварување.

Ако натпреварувач е оштетен во една трка , Натпреварувачкиот одбор може да му одобри да истиот го повтори своето возење.

Одлуките на натпреварувачкиот одбор мора да се засноваат на на Правилата за натпреварување , Правилата на ИЦФ и овј Правилник .

Натпреварувачкиот одбор може , во согласност со Статутот и ИЦФ и на КФМ , да изрекува и казни.

д.) Пред да ја донесе Одлуката, Натпреварувачкиот одбор ќе ги сослуша судиите кои ја надгледувале трката во која настанал прекршокот и ќе го земе предвид и мислењето и на останатите функционери во таа трка ако смета дека тоа е битно за подетално објаснување на сторениот прекршок.

Членовите на Натпреварувачкиот одбор мора да имаат звање државен судија.

## В./ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА

Натпревар во кајак - кану слалом на диви води се одржува под раководство на следните службени лица :

- Шеф на службените ( Официјалните лица)
- Технички организатор
- Главен судија
- Секторски судија
- Стартер
- Судија на цел
- Надгледувач - мерач на времето
- Изготвувач на патеката
- Лице за сигурност (обезбедување)
- Потпарол за печат (за односи со медиумите)

По потреба едно лице може да извршува една или повеќе од наведените функции , зависно од потребите и од функцијата на која е распореден.

На барање на Организаторот , КФМ ги именува следните Службени лица :Претседател на Жири-то,Главен судија ,Технички организатор,Стартер и Судија на цел и Главен калкулант.Останатите службени и технички лица ги именува Организаторот на натпреварот во согласност со КФМ.

## ДОЛЖНОСТИ НА СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА

ГЛАВНИОТ СУДИЈА е , воедно , и претседател на Натпреварувачкиот одбор. Раководи со натпреварот и одлучува за сите прашања кои ќе се појават за време на натпреварот , а не се предвидени со овој Правилник , а во согласност со ИЦФ. Има право да дисквалификува натпреварувач кој се однесува неспортски и недолично , а во согласност со жирито.

Главниот судија се грижи за распоредот на Секторските судии и Судиите на врати како и за нивното функционирање, за нивното опремување со потребниот прибор за нормално функционирање , обезбедува замени на одредени судии во случај на потреба и контактира со сите судии за време на натпреварот.

Главниот судија мора да има минимално звање Државен судија , а пожелно е да се одреди за главен судија лице кое има звање Меѓународен судија.

Главниот судија не може да биде од редовите на клубот кој е технички организатор на натпреварот.

ТЕХНИЧКИОТ ОРГАНИЗАТОР НА НАТПРЕВАРОТ ги надгледува трките и е одговорен за тоа тие да се одвиваат според предвидената Програма.Благовремено ги известува сите службени лица на натпреварот за евентуалните промени во програмата.Мора да се увери дека објавувачот-спикерот ги известува гледачите за

сите потребни информации за натпреварот , како и за редоследот на стартните броеви и натпреварувачите кои треба да стартуваат, а исто така и за резултатите кои се постигнати за време на натпреварот.

Одговорен е за исправноста на патеката и за функционирање на техничката опрема потребна за натпреварувањето.

Член 32

Натпреварувач кој не учествувал во Првото возење нема право да настапи во второто возење.

Кај тимските натпревари учесниците на тимот мора да имаат завршено барем едно од поединечните возења во спротивно немаат право на настап за соодветниот тим.

Член 33

Резулатите од натпреварот се објавуаат 10 минути од завршувањето на последниот натпреварувач и тоа со назнака НЕОФИЦИЈАЛНИ.

ОФИЦИЈАЛНИ резулатити се објавуваат 20 минути после објавените неофицијанлни резултати во случај да во претходните 20 минути не е поднесен приговор од страна на екипите учеснички.

Член 34

СТАРТ

Сите натпреварувачи мора да бидат настартот на време.

Чамците на стартот мора да мируваат , не се дозволени стартови со претходен залет.

Во тимските трки вториот и третиот чамец мора да бидат стационирани се додека првиот чамец не го активира времето на трката .Било каква инстукција од стартерот мора да биде почитувана.

Во поединечните категории стартовите се поделени помеѓе себе со најмалку 45 секунди.

Во тимските возења , стартовите се меѓусебно поделени со најмалку 90 секунди.

Член 35

ПОГРЕШЕН СТАРТ

Единствено стартерот е належен да одреди дали се случил погрешен старт и да го повика натпреварувачот со соодветен знак.

Стартерот одредува дали се одобрува повтрен старт и го известува Главниот судија.

Член 36

ПРЕКИНИ

Главниот судија или Секторскиот судија имаат право да ја прекинат трката доколку искрснат непредвидени пречки.

Доколку Секторскиот судија ја прекине трката тој е должен да го извести Главниот судија за причината поради која го прекинал натпреварот.

Член 37

ПРЕСТИГНУВАЊЕ

Кога натпреварувачот е поминат тој-таа мора да направи пат,ако секторскиот судија повеќе пати свирне со свирчето.

Натпреварувачот кој претекнувал мора да се обиде да ја помине патеката исправно.Ако тој-таа поминува како резултат на пропуштени врати , тогаш тој-таа не смее дам у пречи на натпреварувачот кон кои се приближува.

## ИВ./ ПРАВИЛА НА НАТПРЕВАРИТЕ

Член 38

### ЦЕЛ

Целната линија мора да биде јасно означена на обете страни.

Натпреварувачката трка е завршена кога тој-таа ќе ја помина целната линија.Тој-таа не смее да ја помине целната линија повеќе од еднаш поради ризикот од дисквалификација од трката.

Член 39

### БОДИРАЊЕ

Натпреварите од видот Државни првенства за Сениори , Јуниори и Пионери во кајак слалом на диви води во организација на КФМ или неговите членки - клубовите ќе се бодуваат врз основа на следниот принцип :

а.) Во поединечните дисциплини (К-1м. , Ц-1 , Ц1ж,Ц-2, К-1ж.) сите натпреварувачи добиваат бодови и тоа првото место добива онолку бодови колку што натпреварувачи се појавиле на стартот , намален за бројот на натпреварувачите кој стартувале , а не го исполниле условот од Член 40.
Потоа се собираат бодовите само на најдобрите тројца пласирани од секоја екипа за одредената дисциплина.

Пример. Дисциплина К-1 Мажи

| Пласман | Име и Презиме | Клуб | Вкупно време | Бодови |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1234 | Просек | 170 | 11 |
| 2 | 1236 | Ластовица | 171 | 10 |
| 3 | 12131 | Вардар | 172 | 9 |
| 4 | 433535 | Илинден | 173 | 8 |
| 5 | 325324642 | Илинден | 174 | 7 |
| 6 | 264262 | Ластовица | 175 | 6 |
| 7 | 2346363 | Вардар | 176 | 5 |
| 8 | 36363 | Вардар | 177 | 4 |
| 9 | 23643643 | Ластовица | 178 | 3 |
| 10 | 326326 | Илинден | 179 | 2 |
| 11 | 234626 | Вардар | 180 | 1 |

Вкупно бодови од дисциплината К-1 мажи

1. Ластовица 19 бода
2. Вардар 18 бода
3. Илинден 17 бода
4. Просек 11 бода

Бодувањето е исто за останатите дисциплини.

б.) Во тимските (екипни) возења бодовите се пресметуваат врз принципот колку екипите се појавиле на стартот. Бројот на екипите се множи со два и најдобрата екипа добива онолку бодови колку што се добило со множењето. Сите останати екипи во спрема рангот добиваат по два бода помалку од подобрата екипа пласирана пред неа.Ако еден клуб има повеќе екипи се собираат.

Член 40

Во зависност од видот на натпреварот Државно Сениорско , Јуниорско или Пионерско бодувањето се променува доколку натпреварувачот-ите заработат повеќе од :

- за Сениори-ки 2 казни од 50 поени
- за Јуниори-ки 3 казни од 50 поени
- за Пионери-ки 6 казни од 50 поени

Во ваков случај натпреварувачот-ите иако го завршил-е натпреварот нема да завземе место на бодовната листа.Истото важи и за тимските возења доколку некоја екипа направи повеќе од дозволените казнени поени поединечно по кајакар.

## В./ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 41

Сите натпревари во кајак-кану слалом на диви води во организација на КФМ и членките - клубовите се организираат и одржуваат во духот и во согласност со овој Правилник и Правилата на ИЦФ со тоа што , за секој од овие натпревари се пропишуваат посебни пропозиции кои треба да бидат усогласени со степенот и рангот на секој натпревар,поодделно.

Член 42

Сите толкувања и упатства во врска со овој Правилник ги дава Кајакарската Федерација на Македонија , односно неговиот Извршен одбор.

Член 43

Овој Правилник е усвоен на Собранието на КФМ одржана на Ден 16.11.2009 година и ќе се применува од денот на неговото усвојување.

*КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*

***Претседател на Комитет за Слалом***
***Марјан Најдановски***